# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство: Актуелни судски постапки


**Коалиција „Сите за правично судење“**

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000

00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk


април/мај, 2020

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

***Согласно одлуките и препораките на надлежните органи, а со цел превенција и заштита од КОВИД-19 вирусот, судовите во РСМ судат само итни и приоритетни предмети.**

## „27ми април - организатори“ КОК-2/20

На 15.04.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи. Причината за одлагање е по барање на одбраната, поради користење на мерките од Владата за намалување на ризикот од ширење на КОВИД-19 вирусот.

На 28.04.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи. Рочиштето се одложи по барањето на одбраната, поради користење на мерките од Владата за намалување на ризикот од ширење на КОВИД-19 вирусот.

На 11.05.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на двајца сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

На 13.05.2020 година, во фаза на доказна постапка беа испитани двајца сведоци предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 15.05.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и притоа беа испитани двајца сведоци предложени од страна на обвинителството.

## „НАСИЛСТВО ВО ШТИП“ КБР- 249/20

На 23.04.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи, по барање на бранителот на обвинетите, а заради подготовка на одбрана.

На 28.04.2020 година, на рочиштето за главна расправа, обвинетите во постапката признаа вина. Судот закажа објава на пресуда на 30.04.2020 година.

На 30.04.2020 година, судот јавно ја објави пресудата.По претходно признание на вина од страна на обвинетите судот донесе осудителна пресуда за двајцата обвинети и им изрече ефективна казна затвор во траење од 2 години и 6 месеци.

## „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20

На 18.05.2020 година, беа дадени воведните говори од страна на јавниот обвинител и на дел од обвинетите и нивните бранители.

## „РЕКЕТ“ КОК-116/19

На 03.04.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка, и притоа беа испитани тројца сведоци предложени од страна на одбраната.

На 09.04.2020 година, на рочишето за главна расправа не беа преземени дејствија кои беа предвидени- односно не се продолжи со дополнение на доказна постапка поради многуте предлози и приговори во врска со доказните материјали кои обвинителството напомена дека ќе ги изведува. Во насока на тоа, рочиштето за главна расправа се одложи, а заради тоа што судечкиот совет донесе процесни решенија со цел промена во изведувањето на дополнителните докази на обвинителството.

На 10.04.2020 година, рочиштето за главна расправа се одложи. Причината за одложувањето е поради вршење на прегледи на притворените лица за КОВИД-19 вирусот.

На 24.04.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на дополнение на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на јавниот обвинител.

На 05.05.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на дополнение на доказна постапка. Во текот на рочиштето беа изведени материјални докази предложени од страна на одбраната.

На 07.05.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан првообвинетиот на предлог на одбраната.

На 08.05.2020 година, на рочиштето за главна расправа беше испитана второобвинетата на предлог на одбраната.

На 26.05.2020 година, на рочиштето за главна расправа, јавниот обвинител ги даде своите завршни зборови.

**„ЛАСКАРЦИ“ КБР.1407/19**

На 26.05.2020 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на одбраната

**„27 ми април – јавна седница пред Апелационен суд Скопје“ КОКЖ-39/19**

На 27.05.2020 година, се одржа јавна седница во Апелациониот суд Скопје. Судијата известител накратко ја реферираше првостепената пресуда донесена од Основниот кривичен суд Скопје и ги најави жалбените наводи на странките во постапката.

На 28.05.2020 година, за време на јавната седница во Апелациониот суд Скопје, дел од бранителите на обвинетите ги истакнаа жалбените наводи во однос на првостепената пресуда.

На 29.05.2020 година јавната седница продолжи со истакнување на жалбените наводи од страна на обвиниетите и нивните бранители во постапката, а јавниот обвинител исто така се произнесе на јавната седница.